Кав'даречки
ВЕСНИК
ОПШТИНСКО ЈАВНО ГЛАСИЛО
ГОДИНА I * БРОЈ 20 * 9 АПРИЛ 2010 * * БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

FENI INDUSTRIES
Кралица на водите КОЖУВЧАНКА®
Sinalco schmeckt

**Денеска на градскиот плоштад ќе се случи свечен чин**

# СЕ ОТВОРА МАНИФЕСТАЦИЈАТА КАВАДАРЦИ ГРАД НА КУЛТУРАТА 2010

**Се очекува голем музичко сценски спектакл**

Вечерва на плоштадот во Кавадарци ќе се случи чинот на свеченото отворање на манифестацијата „Кавадарци град на културата 2010“. Почетокот е закажан за 21 часот кога со звукот на фанфарите и огнометот ќе биде кренато фестивалското знаме.

Манифестацијата ќе ја отворат министерката за култура во Владата на Република Македонија Елизабета Канчевска-Милевска и градоначалникот на Општина Кавадарци Александар Панов. Во уметничкиот дел на сцената на плоштадот најпрвин ќе го видиме прославениот македонски актер од Драмскиот театар во Скопје Петар Темелковски со извадок од монодрамата „Синови на Светлината“. Потоа ќе уследи концерт на отворено на обоистката Гордана Јосифова - Неделковска и нејзиниот настап со биг бендот на Факултетот за музичка уметност од Скопје под диригенство на маестро Кире Костов.

Во продолжение на програмата ќе настапат солистите Страшо Темков на флејта како и светски познатите музичари Влатко Стефаносвски – гитара и Теодосиј Спасов (Бугарија) на кавал. Темков и Јосифова –Неделковска се истакнати македонски уметници родени во Кавадарци кои и денеска активно учествуваат во креирањето на културнито живот во градот прифаќајќи ја секоја покана за настап.

Според програмата пред почетокот на свеченостите околу официјалниот почеток на манифестацијата, во Градската галерија на Домот на Културата во 20.00 часот ќе биде отворена изложба на ликовниот уметник од Кавадарци Владимир Темков-Шефе, кој ќе се претстави со дела од неговиот најнов опус.




Градоначалникот Александар Панов и Советот на Општина Кавадарци преку кавадаречлки весник упатуваат јавна покана до сите граѓани на општината вечерва да присуствуваат на церемонијалот на свеченото отварање на културната манифестација „Кавадарци град на културата 2010“ што ќе се одвива на градскиот плоштад.

Денешниот настан е историски за Кавадарци. Како што вели градоначалникот Панов: Кавадарци по многу нешта е втор во Македонија: по економскиот развој, некогаш го имавме второто по големина вештачко езеро во бившата држава, но благодарение на квалитетот и реализирањето на настаните од културата, конечно заслуживме да бидеме први барем една година и тоа во културата. Кавадарци и кавадаечани несомнено го заслужија ова што вечерва ќе ни се случи.

Градот на Даскал Камче, на Петар Мазев, Глигор Черемрски, Симон Шемов, Ана Темкова, на Васил Хаџи- Манов, Никола Бадев и на многу други поранешни и сегашни славни и докажани дејци во културата заслужија барем 365 дена да бидат центар на македонските културни збиднувања.

Димитар Мурџев

**Воскресението Христово пречекано и во Кавадарци**

# ПОБЕДА НА ЖИВОТОТ НАД СМРТТА

**Кавадарчани масовно го вртеа храмот Св. Димитрија**

Велигден или Ден на Воскресението Христово е најважниот верски празник во православниот календар. Христијанските верници со овој празник го прославуваат воскреснувањето на нивниот бог Исус Христос по неговата смрт со распнување. И кавадарчани со нетрпение очекуваа во саботата вечерта да завртат три круга околу храмот Св. Димитрија.

Со овој ритуал и во нашиот град голем број верници го дочекаа велигденското утро. Воскресението според Библијата се случило на третиот ден по неговата смрт, сметајќи го и денот на смрта т.е. првиот ден недела после Велики петок. Православните христијани на тој ден се поздравуваат со поздравот „Христос воскресе“ на што се одговара „Навистина воскресе“. Велигден и празниците кои се поврзани со него се подвижни празници, тие не паѓаат на ист датум секоја година според грегоријанскиот календар или јулијански календар кои го следат движењето на Земјата околу сонцето и годишните времиња. Тие се фиксни според



Со свеќи в рака го чекаа Воскресението Христово

лунарниот календар кој е сличен, но не ист со еврејскиот календар. Велигден се празнува после еврејскиот празник Пасха, во првата недела после полна месечина, која што е на самиот ден на пролетната рамнодневница или непосредно по неа.

Во периодот од 1900 до 2100 година Велигден може да се падне помеѓу 4 април и 8 мај. Во православието, подготвувањата започнуваат со Великите пости. По петтата недела (ден) од великите пости доаѓа Цветната недела, која завршува со Лазарова сабота. Овој ден го означува завршетокот на Великите пости, иако празникот продолжува и следната недела. Потоа доаѓа празникот Цветна недела (Цветници), Светла седмица, и најпосле самиот Велигден, и постот прекинува веднаш по Божествената литургија. По велигден следи Томината недела, за време на која нема постење дури ни во среда и петок.

Велигденската служба започнува на полноќ (почеток на Велигденското утро). Со тоа што оваа служба е на полноќ, на истата е загарантирано дека ниедна литургија нема да дојде пред неа изутрината. Ова се должи на фактот што Велигден се смета за „празник над празниците“. Свештените лица од Храмот Св. Димитрија велат дека е време верниците во Кавадарци да научат дека по опходот на црквата, а со тоа и почетокот на велигденското празнување не смеат да одат на гробишта, на ваквата навика, кавадарчани мора да заборават, апелираат свештениците, бидејќи ова е празник над празниците и восхресението Христово треба да се прослави во храмовите и домовите.

■ **Денот на дрвото се одржа по петти пат**

# НОВИ 40 ХЕКТАРИ ПОЗЕЛЕНЕА ОВАА ПРОЛЕТ

**Се садеше на четири локации во близина на Кавадарци**

Под слоганот „Растеме заедно“ кавадарчани масовно се вклучија во акцијата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“. Се садеше на три локации а на секоја беа пошумени по 10 хектари односно 4000 садници по хектар. Покрај граѓанството и учениците во акцијата масовно се вклучи и комплетната Локална Самоуправа Кавадарци. Администрацијата садеше на локацијата „Мелци“ додека советниците предводени од градоначалникот Александар Панов и пратеникот Јован Гинев садеа дрвца на локалитетот „Северова падина“ во подножјето на Љубаш. Градоначалникот Александар Панов ја истакна големината на оваа акција и нагласи дека и во неговата агенда како и во агендата на ЛС пошумувањето и екологијата завземаат соодветно место. Покрај кавадаречките советници на овој локалитет се



„Северова Падина“ пошумена со багремови садници

појавија и државниот секретар во Министерството за транспорт и врски Елена Кузмановска, Информатичкиот државен секретар Павле Саздов и заменик министерот за земјоделство Перица Ивановски. Сите тие го истакнаа значењето на акцијата за развојот на здравата животна средина ја дадоа својата поддршка и подвлекоа оти се надеваат дека втората акција на есен ќе биде од Балкански карактер. Иницијативи постојат и потребно е само да се реализираат бидејки постои и добра волја од другите земји. Уште се садеше и на локалитетот „Глишиќки рид“ како и над селото Мрзен Ораовец. Вкупно на сите локации се посадија 40 хектари со 160.000 садници. Вработените на ЈП „Македонски шуми“ и „Македонија Пат“ садеа на патниот правец Градско-Росоман како и на автопатот Демир Капија – Велес. Се садеа дрвореди лево и десно од патот а на автопатот се садеше и во средишниот дел и тоа со декоративни зимзелени растенија.

**Димитар Мурџев**

---

■ **Општина Кавадарци во проектот за Транспарентна општина**

# ЈАВНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО УШТЕ ПОВЕЌЕ ЌЕ СЕ ПОДОБРУВА

**Кавадарци е меѓу 14 пилот општини на овој проект**

Заедницата на единицитен на Локалната Самоуправа на Македонија (ЗЕЛС) и УСАИД развиваат проект во 14 општини во земјава под наслов „Транспарентна општина“. Локалната Самоуправа Кавадарци е дел од овој проект со кој на крајот од неговата работа ќе се подобрат условите за комуникација презентирање на работењето на општините во Македонија со јавноста и граѓаните. Имплементатор на проектот е експертот по комуникација и транспарентно работење Зоран Јачев.



Конструктивна и успешна јавна трибина

Општината Кавадарци беше домаќин и организатор на јавна трибина, на која покрај Јачев, ЗЕЛС и УСАИД присуствуваа и претседателот на општинскиот Совет Илија Тренчев, советникот Љупчо Делов, раководителите на секторите за: комунално уредување, за правни работи, за финансии, за локален економски развој како и лице од службата за односи со јавност на општина Кавадарци. Во работата на трибината активно учествуваа претставници на јавните претпријатиа во надлежност на општината, образовните институции, од урбаните и месните заедници , од бизнис секторот како и од локалните електронски медиуми и Невладиниот сектор, лозарите, здружението на Ромите и Креактив. Последните се пожалија на недоволно транспарентен однос кон нив, иако оптшината на неколку наврати им обезбеди прием логистичка поддршка и помош во изнаоѓање на простор за работа. Генерално сите учесници во дискусијата изразија задоволство од соработката со општината, и констатираа дека сегашното раководство за разлика од претходното има многу по отворен пристап кон презентирањето на работата на општината кон граѓаните и јавноста. Сублимирајќи ги сите дискусии експертот Јачев во заклучоците констатираше дека општина Кавадарци е на самиот врв според транспаренстноста, но притоа нотираше одредени слабости во хоризонталната комуникација меѓу самите служби и сектори, а изрази пофалба за вертикалната комуникација на чиј врв се градоначалникот, граѓаните и јавноста. Според Јачев трибината во Кавадарци покажа дека во македонските општини има и такви каде отчетноста на локалната власт кон граѓаните и јавноста е приоритет, а пример за тоа е токму општина Кавадарци од која многу други поголеми поразвиени општини треба да учат. Но констатира дека тоа сеуште не е доволно. Затоа на крајот од проектот откако ќе се соберат сите искуства на ЗЕЛС ќе му бидат понудени два документи во форма на Кодекс за однесување и Правила за работа, на општините во Македонија во делот на односите со јавноста кои ќе бидат применувани како закони во таа свера на работење на сите 84 општини и градот Скопје.

**Димитар Мурџев**

---

■ **Градоначалникот Панов оствари средба со советот на МЗ с. Чемерско**

# НАЈАКТИВНА СЕЛСКА МЕСНА ЗАЕДНИЦА

**Селото полека се враќа во живот**

Градоначалникот Александар Панов и претседателот на општинскиот Совет Илија Тренчев оствconfigurations работна средба со целокупниот состав на Советот на месната заедница од селото Чемерско. Повод за средбата беше разгледувањето на актуелните состојби во ова подкожувско село дел од поранешната општина Конопиште. Беше констатирано дека со изградбата на голем број викенд куќи, како и обновувањето на старите живеалишта од страна на некогашните жители од ова прекрасно село сместено на падините во подкожувјето се враќа во живот. Општината особено сегашната власт има вложено многу во инфраструктурата на селото. Една од главните причини за средбата беше да се слушне мислењето на мештаните за идејата со која некогашното училиште би се преотстапило на користење на здружението на пензионерите од Кавадарци како летувалиште. Селаните не се против пензионерите да им бидат постојани гости, но не ја прифаќаат идејата за таа намена да им се одземе училиштето. Затоа предлагаат преотстапување на градежно земјиште каде пензионерите би изградиле одморалиште. Чемерско за пензионерите е интересно од климатски аспект. Градоначалникот Панов апелираше до жителите на Чемерско да размислат за идејата за преотстапување на дел од училиштето. Бидејќи како што напомена рационалното размислување и самоодржливоста на проекот е идеја главна



Советот на МЗ Чемерско на средба во општината

водилка во неговиот пристап за решавање на проблемите. Со пензионерско одморалиште Чемерско би добило многу на својата атрактивност, а особено економскиот развој. Уште повеќе со изградбата на регионалниот пат до ски центарот на Кожуф.

**Димитар Мурџев**

■ **Советот го одржа продолжението на 15 седница**

# УСВОЕНИ ИЗМЕНИТЕ ВО Д У П СО КОИ СЕ ЗАБРЗУВА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ

**Индустриската зона добива можност за побрз развој, но дивите објекти не се легализираат**

На продолжението од петнаесетата седница Едногласно беше усвоена одлуката за донесување на деталниот урбанистички план за индустриската зона во Кавадарци. На седницата беа присутни 15 од вкупно 19 советници.

Претходно е добиена согласноста од ресорното министерство. Одлуката ја образложи Стефка Јованова, раководител на одделение за урбанизам. . Таа објасни дека се работи за локалитет од 60.2 хектари за кој се обезбедени сите потребни акти.



Советниците едногласни за економскиот развој

Ова е поволност за низа индустриски И комерцијални објекти како И објекти од јавен карактер./ Општината позитивно одговори на стопанствениците кои бараа брз стопански развој. Една ваква одлука е неопходна И заради нови вработувања во општината. Градоначалникот Александар Панов нагласи дека е ова битен чекор во урбанизацијата на Кавадарци при што се запазуваат барањата на стопанските објекти. Урбанистичкиот план порано пред можето доаѓање, рече, бил враќан на доработки и поправки. Според него планот е еден од најбитните документи што треба да се донесат. Наишле на пречки со нелегалните објекти. Со планот истите на значи дека ќе се легализираат. Тие се обележани во планот. Тој се надева дека во најблиска иднина ќе се донес Законот за третман на бесправно изградените објекти. Посочи дека тој и неколку други градоначалници интензивно барале да влзеат во овој закон некои нивни забелешки меѓу другото и таа да не се третираат смо индивисуални објекти туку и стопански дивоизградени објекти. Барањето им било задоволено. Со законот рече тој ќе им се олесни на оние кои имаат нелегални објкети а општината ќе си ги добие заробените пари. Макисмално се заложивме рече градоналнаикот и го фативме последниот воз за да го направиме планот. Доколку не се донесеше овој план во прашање беа доведени околу 300 вработени. Сега со планот, ќе се спасат тие работници а ќе има и нови вработувања. Згора на тоа ќе има голем финансиски ефект од легализирањето на дивоградбите. Панов изрази благодарност до компанијата Ми-Коемрац за нивниот допринос во врска со планот а го пофали и ангажманот на директорот на ЕВН Кавадарци за разлика како што рече од некои претставници на ЕВН од Скопје кои не сотработувале како што се очекувало со општината. Панов кажа дека во поголем процент оваа индустриска зона била исрцпена и апелираше да се размислува за нова индусриска зона. Повтори дека оваа одлука носи предности и стопански развојни придоибивки за Кавадарци. Таа е предизвик и услов за економски развој на општината. И претседателот на Советот Илија Тренчев нагласи дека одлуката е од битно значење за општината.

На почетокот од седницата советникот Ташо Радњански процедурално кажа дека ја разбира итноста да се зборува за детланиот урбанистички план, но побара да има и посебна седница на која би се расправало по амандманите во врска со законите за земјоделство и вино кои треба да произлезат од најголемиот лозарски регион во државата, Тиквешкиот. Претседателот



Голем интерес на советниците да видат што изгласаа

на советот Илија Тренчев потсети дека навистина на седницата која се одржа во салата на домот на културата а на која учествуваа и лозарите беше кажано дека ќе се одржи седница помеѓу претставниците на четирите општини од Тиквешкиот регион на која ќе се расправа за амандманите. Тој најави дека една таква средба би можело да има во петок или во сабота. Советникот Перо митрев побара советот да ги усвои заклучоците од седницата со лозарите а кои се потврдени од двете собранициски комисии. Па со една заедничка одлука да се оди на седницата на четирите општини. Градоначалникот Александар Панов рече дека нивните укажувања во врска со законите се пет чекори кон подобрување на состојбите од очекуваните 8. И тој побара да се усвојат заклучоците.

После тоа заклучоците беа усвоени акламативно од страна на сите присутни советници.

Светлана Дарудова

■ **Општинскиот совет ја затвори и заедничката седница со лозарите одржана во Домот на културата**

# ЦЕЛОСНА ПОДДРШКА НА ЛОЗАРИТЕ ВО ДОБИВАЊЕТО НА ЛАНСКИТЕ ПАРИ

**Доколку нема решение Општината застанува зад протестите на лозарите**

Расправајќи по Информацијата за исплата на грозјето за реколта 2009 година, а на предлог на Комисијата за земјоделие и Комисијата за лозарство и винарство,

Советот на Општина Кавадарци ги усвои заклучоците со кои даваат поддршка на лозарите во напорите да ги земат парите од винариите за откупеното грозје од ланската реколта. Во заклучоците се вели:

Советот и Градоначалникот на Општина Кавадарци предлагаат Винарските визби што побрзо да ги објават планираните количини за откуп и откупната цена на грозјето со мерните единици за шеќерност за реколтата 2010 година најдоцна до 31.05.2010 година;

Советот и Градоначалникот на Општина Кавадарци препорачуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во овој најкритичен период, повеќе да се заложи и ангажира околу решавањето на проблемите на лозаропроизводителите и постигнување на еднаквост на лозарите со винарите во однос на нивните кооперантски односи;

Советот и Градоначалникот на Општина Кавадарци предлагаат Владата на Република Македонија да помогне со превентивни мерки за извоз на винско грозје кое не може да биде откупено од винариите и субвенционирање на истото директно на лозарите;

Со цел изнаоѓање на можности за поголем пласман на виното или винското грозје се предлага поголема заложба на сите релевантни субјекти за лобирање кај странските Амбасади и Канцеларијата на Европската унија;

Со цел изнаоѓање на решенија за надминување на проблемите со откупот и откупната цена на грозјето и во таа насока поиздржан настап пред државните органи и



Од заедничката седницана Советот со лозарите

институции, Советот на Општина Кавадарци предлага максимално заложување и искористување на целокупниот капацитет на општините од Вардарскиот плански регион и регионалните здруженија;

Советот и Градоначалникот на Општина Кавадарци предлагаат сите структури од локалната заедница да дејствуваат единствено со цел решавање на големиот проблем на лозаропроизводителите;

Советот и Градоначалникот на Општина Кавадарци даваат целосна поддршка на Амандманите на Законот за вино и Законот за земјоделие и предлагаат под итно да се свика заедничка седница на Советите од Тиквешкиот регион – Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија, со присуство на пратениците од регионот и претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со цел заеднички преку Амандмани да се дејствува на Законот за вино;



Од ланските протести на лозарите - блокиран центарот

Советот и Градоначалникот на Општина Кавадарци ќе дадат целосна поддршка на повикот на лозарите за најавениот протест доколку Винариите не го исплатат откупеното грозје заклучно со 20.04.2010 година.

■ **Одбележани 65 години од постоењето на Основниот суд Кавадарци**

# АЖУРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ СЕ ОДЛИКИ НА РАБОТЕЊЕТО

**Претседателот Јосифовски најави враќање на одземените надлежности**

По повод 31 март, денот на правосудството во Република Македонија и 65 годишнината од основањето на кавадаречкиот суд, беше организиран свечен прием во Основен суд Кавадарци. На приемот присуствуваа бројни чинители на општествено политичкиот живот во Кавадарци. За историјатот на кавадаречкиот суд и постигнатите резултати говореше претседателот на Основен суд, Зоран Јосифовски. Согласно Законот за судови од 2006 година Основниот суд Кавадарци е суд со основна надлежност, но Јосифовски најави активности и вложување на целосните капацитети за враќање на надлежностите.


Момент од свеченоста по повод празникот на судот

Тој потенцираше дека судските одлуки на судиите од кавадаречкиот суд над 70% се потврдени од Апелационен суд. “Во 2009 година Основниот суд Кавадарци посвети сериозно внимание на процесите на транспарентност во работењето, на унапредувањето на информатичката технологија, како и во подобрувањето на условите за работа преку етапно реновирање на судската зграда“ рече Јосифовски и ја истакна соработката со медиумите како важен сегмент од транспарентното работење.

Присутните ги поздрави и судијката Лилјана Ситниковска задолжена за односи со јавноста која потенцира дека судот ќе работи и на зголемување на довербата на граѓаните кон судството во Република Македонија.

**Ангел Данов**

---

■ **Општината санираше дел од локалниот пат Кавадарци-Ресава**

# ПРОЧИСТЕН ПРОПУСТОТ ЗА ПОРОЈНИТЕ ВОДИ

**Останува граѓаните повеќе да не фрлаат градежен шут и отпад**

Локалната самоуправа асфалтира 220 метри на пропуст за вода на патниот правец Кавадарци-Ресава. Ова е дел од санационата фаза на овој патен правец а во очекување на тендерската постапка за целосна реконструкција. За сево ова говореше Драган Симоновиќ раководителот на секторот за комунална изградба, сообраќај и заштита на животната средина кој напомна дека станува збор за прва фаза во која покрај ова асфалтирање ке се изврши и крпење на сите ударни дупки од спојот на патот за Прилеп па се до селото Бегниште.


Проширен и асфалтиран најкритичниот дел од патот

Втората фаза би почнала во месец мај кога се очекува распишување на тендерот за комплетно асфалтирање на овој патен правец


Патот веќе нема да плива во вода

се до селото Ресава. Тендерската постапка би траела септември а потоа за 30-45 дена би се извршило и комплетно асфалтирање. Беа потенцирани и неколку придобивки од асфалтирањето на овој патен правец. Како прво подобрување на патната инфраструктура која е од големо значење за жителите на 4 села од овој крај. Потоа овој пат игра значајна улога во развојот на земјоделието и како трето со асфалтирањето ке се создадат многу подобри услови за развој на езерскиот туризам но и на риболовот како стопанска гранка.

**Димитар Мурџев**

---

**Општината наскоро ќе воведе**

# ВИДЕО НАДЗОР НА КЕЈОТ

Кејот на реката Луда Мара стана главно собиралиште за сите генерации. Локалната власт направи вистински потег со изградбата на градското шеталиште. Место каде децата, младите, постарите можат да се рекреираат. Да пешачат, да се дружат и целосно рекреираат. Но урбаната опрема поставена на кејот стана мета на девијантни појави. Несовесни младинци сакаат да го уништуваат сето она што е наше заедничко, што ни го прави градот поубав.


Дали камерите ќе ја спасат убавината од уништување

Локалната Самоуправа подготвува 24 часовен видео надзор и достапност на веб порталите. Се поставува прашањето дали видео надзорот ќе стави крај на лошите појави? Присутноста на веб порталите ќе овозможи градскиот кеј да биде достапен насекаде во светот. Со ова атрактивното шеталиште за кавадарчани ќе биде промовирано и надвор од градот, а со видео надзорот се очекувазамирање на девијантното дејствување на младите и уништувањето на партерното уредувањь како би можело шеталиштето да биде функционално и за идните генерации.

**Ангел Данов**

---

■ **Одбележан светскиот ден на здравјето**

# НОВА ОПРЕМА И ПОКВАЛИТЕТНА УСЛУГА

**Доделени признанија и награди на персоналот со долгогодишен стаж**

Под мотото “1000 градови за 1000 животи“се одбележа Светскиот ден на здравјето. По тој повод во ЈЗУ Општа болница Кавадарци беше одржана свеченост на која директорот Д-р Орце Ангеловски потсети дека болницата доби дел од новата опрема и потенцира дека болницата се стреми на пациентите да им понуди квалитетни здравствени услуги.Ванчо Димовски директор на ЈЗУ по економски прашања се осврна на значењето на овој светски ден и ја нагласи важноста на физичката активност и здравите животни навики како основен предуслов за здрав живот. Околу три милиони луѓе, рече тој, годишно умираат од физичка неактивност, а во подем се и заболувањата поврзани со урбаниот начин на живеење. Традуиционално на денот на одбележувањето на Светскиот ден на здравјето беа доделени и јубилејни награди на вработени во болницата за 20 годишна работа.


Општа болница Кавадарци

Јубилејни награди добија д-р Весна Пемова, д-р Лидија Ризова, д-р Марина Павлова-Каровска, д-р Гоце Каровски, д-р Гордана Кузмановска, д-р Павлина Лозановска, д-р Лилјана Василева. Награди за 20 годишен работен стаж беа доделени и на медицинските сестри Сузана Димова, Роза Николова, Марија Салтаџиева, Душанка Попова, Роза Тодоровска, како и на лаборантите: Натка Матиева и Снежана Грнева, од технички персонал јубилејни награди беа доделени на Драган Гинев, Душко Марковски и Љубо Илиев, на болничарите Петре Велков и Ристе Милачев и на хигиеничарките Бранка Тренчевска и Данка Темелкова.

Здравјето е многу поголемо од здравствениот систем и значи здрави животни навики, здрава храна, воздух, вода и добар здравствен систем. Тој е една компонента од сите мерки што се предуслов за здравјето кое во Македонија се соочува со големи предизвици што е во рамки на напорите да се адаптира системот на можностите кои ги има државата со цел овозможување квалитетна здравствена заштита, изјави министерот за здравство Бујар Османи по повод 7 Април.

■ **На платото пред домот на АРМ во Скопје се одржа несекојдневна прес конференција**

# КАВАДАРЦИ ЈА ПОКАНИ МАКЕДОНИЈА НА КУЛТУРА

**Кожувчанка, синалко, вино и традиционални тиквешки јадења како дополнување на културните настани**

Во средата напладне на платото пред спомен куќата на Мајка Тереза и домот на АРМ во Скопје се одржа прес конференција во организација на градоначалникот Александар Панов и институциите од културата. Целта беше да се промовира манифестацијата „Кавадарци град на културата 2010" пред пошироката македонска јавност, а воедно да се поканат граѓаните на Македонија да посетат некој од предвидените настани од театарот музичко сценската, музејскта и библиотечната дејност што ќе се одвиваат до крајот на оваа година.



Ликовната секција од гимназијата црташе на лице место

Во обраќањето градоначалникот Панов упати јавна покана до македонските граѓани да дојдат во градот и да се уверат дека она што „Токму Така" и Бубо го пееја дека „Култура е она што го немаме ние-Култура е она што нам ни треба" три децении подоцна кавадарчани и



Медиумите масовно ја проследија прес конференцијата

Кавадарци го сватиле, го научиле и сега имаат со што да се пофалат. Пред медиумите и граѓаните присутни на плоштадот „Мајка Тереза" беше презентирана програмата на манифестацијата од страна на директорите на домот на кулрурата Владимир Темков и на Градкиот музеј-галерија Петре Камчевски.

Организацијата Вешта жена од Кавадрци ги почести гостите со традиционални тиквешки стари јадења, се пиеше вино, Кожувчанка и Синалко во чест на Културата традицијата и кавадаечката гостопримливост. Официјално се промовираше денешното свечено отворање на манифестацијата „Кавадарци град на Културата 2010" на која треба да бидеме горди.

**Димитар Мурџев**



Не остана ни трошка од храната на вештите жени

---

■ **ГФК „Тиквеш" го доби соседското дерби со ФК „Вардар" од Неготино**

# СОН ИЛИ ЈАВЕ – НО СЕПАК СЕ СЛУЧИ ФУДБАЛ

**Димитар Мурџев**

**Одамна на градскиот стадион не гореле бенгалски огнови и не се пеела навивачка песна**

Освен официјалниот зписник за натпревар од третата фудбалска лига, се друго што се случуваше на трибините и на теренот на градскиот фудбалски стадион во Кавадарци личеше на средба од многу повисок ранг. Над две илјади гледачи, две пребучни навивачки групи „Лозарите " од Кавадарци и „Винарите" од Неготино. Громогласно навивање, бенгалски огнови, озарени лица и борбени фудбалери со мотив да се совлада противникот. Победи домашниот Тиквеш со резултат 4.0 (2:0). Интересен натпревар во кој домаќините беа



Четвртиот гол во мрежата на неготинчани

супериорни, гостите со индиспониран голман и немоќни, иако во второто полувреме имаа на двапати можност да постигнат гол.

На крајот официјално остана забележано дека се одигра средба од четвртото пролетно коло на третата фудбалска лига југ. Она што е вистинската победа на студеникавото попладне во средата на Благовец 7 април 2010 година е фактот дека градскиот парк во Кавадарци ечеше од фудбалска песна, задоволни навивачи и победа на фудбалот. Се радувавме многу поради полните трибини и прекрасната фудбалск гletka , која кај многумина повозрасни ги врати сликите од



Полна трибина - полни срца на фудбалските навивачи

минатото кога Кавадарци и Неготино живееа за денот кога нивните Тиквеш и Вардар ќе играат меѓусебе - фудбал на теренот, а ривалство на трибините, а секако и на убавиот фудбал. Но остана горчливиот впечаток дека сепак е само трета лига. Тиквеш има надеж дека ќе оди многу повисоко, за Вардар не знаеме.

За прекрасниот фудбалски ден кој би поскале да се повтори и во наредните кола мораме да заблагодариме на кавадаречкиот бизнис сектор, пред се Фени индустри и големите фирми кои лани под патронство на градоначалникот Александар Панов и Локалната Самоуправа потпишаа меморандум за финансирање на клубот, кој го почитуваа, па фудбалерите имаат извонредни услови за работа.




Громогласно навиваа и се радуваа на победата-Лозари

Дали во средата на Благовец се случи сон или јаве ќе видиме многу бргу. Но едно е сигурно победи фудбалот се случи прекрасен настан, среќна публика задоволни фудбалери и ден




Иако изгубија навиваа до крајот-Винари Неготино

што долго ќе се раскажува Кавадарци го победи Неготина иако само во третата лига.

## ФОТО ВЕСТ

Во музеј галеријата е отворена изложба иконографска поставка со наслов „Икони од Тиквешијата" која презентира дел од движното културно наследство, икони и црковни реликвии.

Изложбата задолжително треба да се погледне.



ОМБУ„Лазо Мицев-Рале“ го одбележа патрониот празник

# 40 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ И РАСТЕЖ НА ОБРАЗОВЕН ПЛАН

**Над 300 ученици учат во два оддела и девет отсека**

Основното музичко балетско училиште „Лазо Мицев-Рале“ од Кавадарци на достоинствен начин го одбележа патрониот празник и јубилејот 40 години од постоењето. Свечената академија одржана во големата сала на Домот на културата во Кавадарци беше прв од низата настани со кои ќе се одбележи големиот јубилеј на четиридецениското постоење. Свеченостите започнаа во училиштето кое втора година по ред работи во новите простории, восовремени услови. со оддавање почит на патронот и свечена седница на наставничкиот совет.



На академијата покрај свечениот концерт на кој настапија музички уметнуици произлезени од училиштето се одржа и свечена академија на која беа доделени благодарници на лица заслужни за формирањето,развојот и растежот на училиштето сите овие изминати години. Во музичкиот дел настапија Градскиот хор Кавадарци под диригентство на Драган Веењковиќ, и солистите Силвана Чулева-Атанасована флејта, Никола Јованов - 0кларинет, Стеван Болчев –хармоника, Јордан Костов- хармоника, Горан Јанев-кавал, Радица Костадинова- мецо сопран, Перо Арсов – труба, Јасминка Танчева – пијано Мрина Арсова – обоа и Ана Арангелова –пијано. Како гостин на концертот се појави Тања јанкова –гитара од Скопје. Денеска во училиштето учат 311 ученици во два оддела и девет отска и тоа: пијано, виолина, флејта, труба, хармоника,соло пеење, балет и народни инструменти. Наставата ја изведуваат 18 професори со тимска работа во завидни услови за работа. Повеќе од половина од наставничкиот кадар се поранешни ученици на училиштето.

Учениците и професорите се постојано присутни во културниот живот на Кавадарци, а имаат развиена соработка со предучилишните и училишните институции. Професорите редовиноi учествуваат во концертната дејност,а кај учениците го развиваат натпреварувачкиот дух, притоа укажувајќи им дека само 1% е талент останатите 99% се работа. Во редовните чениучки активности се вбројуваат Интерни и јавни часови, тематски концерти, класни



концерти, маскембали, ТВ музички емисии, музички детски претстави како и училишните натпревари. Многу ученици се лауреати на бројни домашни и меѓународни натпревари. Исклучителна е и соработката со локалната самоуправа и градоначалникот, кои знаејќи ги сите квалитети на училиштето целосно застанаа зад идејата за отварање на средно музичко училиште, како и изградба на нова концертна сала со што нивото на музичкото образование во градот и регионот ќе се подигне на многу повоисоко ниво.

Димитар Мурџев

ОМБУ„Лазо Мицев-Рале“ го одбележа патрониот празник

# 40 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ И РАСТЕЖ НА ОБРАЗОВЕН ПЛАН

**Над 300 ученици учат во два оддела и девет отсека**

На половина пат од ромската декада, Ромите во Македонија, во споредба од сите земји во регионот, имаат најдобри услови за живот, а најголем прогрес забележале во школувањето, констатираминистеротбезресорНеџдетМустафа. Тој истакнува дека, сепак, за наредните пет години Владата треба да работи на отстранување на Ромите од мизерните гета во кои живеат. Дециден е дека сожителството на ромската заедница мора да почне со отстранувањето на гетата, на супстандардните мизерни живеалишта и на подобрување на квалитетот на живеење на ромската заедница .Подготвеност за помо и подршка кон ромското население деновиве изврази и Евроамбасадорот Ерван Фуере кој вели дека Унијата ќе помогне во вклучувањето на ромската заедница во општеството затоа што се уште нема вистински инвестиции за нив, поради што остануваат маргинализирани. Според него потребни се конкретни чекори, кои ќе бидат во корист на ромската заедница и кои ќе го охрабрат нивното поголемо вклучување во



општеството.

Со декадата на ромите промена кај ромското население се забележа и во Кавадарци. Во изминатите години колку што траеше и проектот „Еднакви образовни можности„ во рамките на декадата, во кавадаречките основни училишта се забележа најголемо вклучување на дацата роми во образовниот процес. Најмасовни во училишните клупи децата роми сепак беа во О.У.„Димката Ангелов- Габерот” во Ваташа каде целосно се реализираше проектот. Иницијатива за овозможување на подобри услови за живеење имаше и за ромското маало Тенеќи во Кавадарци или населбата во близина на Шумарското училиште. Посотеја неколку опции и иницијативи за дислокација на ова маало, но и по толку време од ваквата иницијатива нема ништо. Надежта за подобро утре никогаш не умира. Ромите во Кавадарци се надеваат дека еден ден и тие ќе имаат скромен дом и образовани деца. Да се надеваме дека во пресрет на 8 ми април светскиот ден на ромите на виделина ќе излезе и некој позитивен чекор за нив.

# ПРОДАДОА СЕ ШТО НАПРАВИЈА

Советот на родители при детската градинка Рада Поцева денес забележа успешен финиш на организираната хуманитарна акција. Делата кои во изминатите три недели родителите ги изработуваа со велигденски мотиви, денес на импровизираното пазарче на малото паркче наспроти полицијата предизвикаа голем интерес. Се продаваа по симболични цели, а купувачите меѓу кои нај присутни беа родниние на дечињата, не штедеа за да ја покажат својата хуманост. Стефанија Коцева како претседател на советот на родители од името на сите родители изрази огромно задоволство што акцијата успешно се реализираше, најавувајќи дека хуманитарно ќе делуваат и понатаму. Од соработката со родителите на дечињата, задоволството не го кријат ниту од детската градинка Рада Поцева. Директорката Снежана Ганчева вели дека добро е кога ваквите иницијативи постојат и остава отворен простор за понатамошна соработка во хуманитарно делување со советот на родители. Сретствата од денес продадените уметнички дела со најразлични велигденски мотиви изработени од родителите во соработка со Црвениот Крст ќе заминат во вистински раце, онаму каде од истите има најголема потреба. Задоволството, радоста и насмевките денес, сепак беа најприсутни кај дечињата кој по се изгледа сериозно си ја сватија улогата на трговци, па така со искрена насмевка успеаја да ги привлечат граѓаните и за брзо време ги распродадат делата со хумана намена и прекрасен изглед.

■ **Во организација на Ротари клуб Кавадарци**

# МАЕСТРАЛЕН КОНЦЕРТ НА МИЛЕ КАРОВСКИ

**Концертот беше со хуманитерен предзнак**

Момчето родено на 12 февруари 1987 година во Кавадарци, а преку својот соло концерт ја импресионираше публиката. За Миле Каровски после концертот, секој би рекол дека е момче родено со гитара во раце и рамо до рамо со врвните музичари. Мајсторски на кавадарчани им покажа дека класичната музика, оствирена со љубов, може без здив да ги остави и оние кои ни малку не ја разбираат.

Концертот во кино салата беше во организација на Ротари клуб Кавадарци, а со себе го имаше и хуманитарниот карактер. Средствата собрани од билетот кои чинеше 100 денари ќе бидат искористени во добротворни цели за дечињата од градинка и забавиште, но граѓаните уште еднаш докажаа дека кога е во прашање квалитетниот културен настан и хуманоста, ограничувања не постојат, кино салата ја исполнија до последното место. Кавадаречкиот дипломец на Софиската музичка академија Миле Каровски, добитник на повеќе признанија, е прогласен за првенец на Софискиот Универзитет и е еден од петте најдобри студенти во Бугарија. Пред својата публика во Кавадарци последен пат музицираше минатата година на манифестацијата кавадаречка културна есен. Овојпат преку музиката на Скарлати, Јохан Себастијан Бах, Лобос уште еднаш импресионираше.

Каровски со аплауз беше два пати вратен на сцена. По официјалниот крај на концертот на публиката и беше малку, па специјално само за дамите Каровски, тој



Виртуозот со гитарата повторно блесна

остсвира изненадување, но во убавите работи човекот е ненаситен, па по вториот предолг аплауз Каровски повторно се врати на сцена со уште ендна бис композиција, по што публиката ја повика на чаша вино.

■ **Изложба на шарени велигденски јајца**

# ВЕЛИГДЕНСКА ФАНТАЗИЈА ОД БОИ

**Учениците покажаа голема умешност во украсувањето**

Кавадарци ги избра најубавите три велигденско шарени јајца. Културен настан кој домот на културата Иван Мазов Климе во соработка со основните училишта од градот, Локалната самоуправа и Гимназијата Добри Даскалов го организираа по повод најголемиот христијански празник Велигден.

Во градската Галерија беа изложени сите јајца со учество во кункурост за избор на најубаво велигденско шарено јајце. Чест да го отвори овој настан имаше претседателот на советот Илија Тренчев. Најразлично



Колорит на детска велигденска инспирација

украсени јајца беа изложени во галеријата. Креативноста на учениците навистина нема граници. Фарбани, насликани, маскирани, велигденски јајца со невообичаен изглед и шаренило, но за сечија воздишка. Награди беа доделени за најубаво украсените три велигденски јајца.

Првата му припадна на ученикот Диме Милков додека втората и третата награда отидоа во рацете на ученици од основните училишта Димката Ангелов Габерот, Страшо Пинџур и Тошо Велков Пепето.

# 140 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ЃОРЃИ ДИМКОВ ПОПОВСКИ ТИКВЕШКО-ВЕЛЕШКИ ВОЈВОДА ОД ПРЕДИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД

Петре Камчевски

Во почетокот на април 1870 г. во с.Ресава во семејството на Димко и Марија Поповски се родил Ѓорѓи Димков Поповски. Неговиот татко бил еден од највлијателните луѓе во Ресава. Бил богат и почитуван човек кој добро говорел турски јазик, па кога преставниците на власта од Кавадарци доаѓале во Ресава со него седеле како со рамен до себеси. Завршил основно училиште во Ресава и започнал да го изучува шивачкиот занает. Бил висок и силен млад човек кој воопшто не се плашел од преставниците на власта во селото. На Миртовден 1898 г. во нивната куќа била куќна слава и имало многу гости.



Откако другарите на Ѓорѓи малку се поднапиле започнале да пеат руски револуционерни песни. Ѓорѓи за да докаже дека нема страв од властите ја откачил малихерата и искукал еден куршум во правец на беговската кула. За среќа инцидентот останал без последици.

Ѓорѓи имал помала сестра, Анѓа на 19 годишна возраст, била толку убава што кога поминувала низ селото предизвикувала воздишки кај ресавските ергени, но и кај Турците. Една зимска вечер во 1899 година во чифликот на Мехмед Ибраим-бег се собрале неколкумина бегови и аги од Кавадарци. По некое време откако се поднапиле започнале да пеат песна за убавата Анѓа, сестрата на Ѓорѓи. Кога ја слушнал песната Ѓорѓи ја зел пушката и се симнал во подрумот и извадил една бомба “одринка“. Потоа испукал пет куршуми во правец на кулата и ја фрлил бомбата. Настанала страшна експлозија од која се исплашиле сите во селото. Бегот и неговите гости останале неповредени, меѓутоа биле до смрт исплашени. По овој настан Ѓорѓи не можел да остане во селото бидејќи утредента стигнала чета заптии, кој го барале да го уапсат. Во прво време се криел во околните плевни и колиби, за по неколку дена преку врска на Организацијата да замине во Софија. Таму бил прифатен од луѓето на Задграничниот комитет на ТМОРО, а при една среддба со Гоце Делчев му било предложено во пролетта 1901 година замине во Македонија на чело на една вооружена чета. Ѓорѓи успеал да екипира чета во која имало триесетина млади момчиња вооружени со пушки и револвери, а неколкумина имале и по една до две бомби. Четата кај с. Уланци ја поминала реката Вардар, каде веднаш се судрила со турска војска. Во оваа борба имало двајца загинати борци од четата, а турците имале 9 загинати војници, а неколкумина биле ранети. По борбата Ѓорѓи со четата се упатиле во с.Мрзен Ораовец каде останале неколку дена. Една вечер Ѓорѓи со четата заминале во неговото родно село каде биле многу срдечно пречекани. Секој сакал да се ракува со војводата и да го допре знамето на четата. Во куќата на Димко Терзијата бил одржан состанок на кој присуствувале преставници на секоја куќа од селото. На состанокот Ѓорѓи им кажал дека тој и неговите борци одлучиле да се борат за ослободувањето на Македонија, а тоа очекувал да го направат и останатите младинци од селото. Уште истата вечер им се приклучиле уште тројца нови борци од село Ресава.

Од страна на раководството на ТМОРО Ѓорѓи бил определен за тиквешко-велешки војвода, кој би дејствувал во атарот на Клепа, Азот и Тиквеш. Со својата чета Ѓорѓи водел неколку големи борби со турските воени и полициски сили во овој дел од Македонија, а за неговата глава турските власти распишале наград од 100 турски лири.

Во почетокот на април 1902 г. војводата со својата чета се упатил во с. Капиново. Тука биле



предадени од страна на еден локален предавник, по што селото било опколено од војска и полиција, а била донесена и артилерија. По неколкучасовна борба загинале 14 борци од четата на Ѓорѓи, меѓу нив и самиот војвода, а само четворица од четата успеале да се спасат.

**Кавадарчани прославија уште еден триумф во националниот кошаркарски куп**

# ФЕНИ ИНДУСТРИ ЈА ОСВОИ ПРВАТА ОД ПОСАКУВАНИТЕ ТРИ ТИТУЛИ

**Следниот предизвик е завршницата во БИБЛ лигата наредниот викенд**

По две години пауза КК „Фени Индустри" дојде до титула во националниот кошаркарски куп на Македонија откако во финалето го победи дебитантот „Торус" со 81-67. Иако овој пат нашиот тим не играше на домашен терен нивната супериорност во финишот но и публиката која дојде од Кавадарци, Кочани и Македонска Каменица да го бодри нашиот тим, беше доволно да го освои првиот трофеј од можните три до крајот на сезоната. Супериорната клупа на кавадарчани, можноста нивниот стратег Емил Рајковиќ да комбинира со доволно квалитетни и искусни кошаркари на сите позиции беа главните чинители за успехот на тимот од Кавадарци. Од друга страна Борис Нешовиќ и неговите момци од екипата на Торус имаа иста желба и шанса да дојдат до сензација, но сепак со самиот влез во финалето треба да бидат задоволни. Отворија нова страница во клубската историја, запишаа куп финале кое засега им останува најголем успех.



Со навивањето помогнаа за освојување на купот

**Користени фотографии од ВЕБ порталот Кавадарче**

Победникот на средбата се решаваше во последните 10 мина главен збор во редовите на „Фени" имаше специјалистот за вакви натпревари Ефтим Богоев. Пред крајот на третата четвртина тој почна да ја крои триумфалната серија на својот тим. Негативата од минус три поени 53-50 Фени успеа да ја претвори во позитива од +7 (54-61) на пет и пол мин. до крајот. Ова беше период во кој најдобриот играч на Торус, Димитар Караџовски ја направи петтата лична додека на спротивната страна разиграниот Богоев со 8 поени учествуваше во целосниот кам бек на Фени.



Заедничка фотографија за втората куп титула

Дополнителна тежина и проблем на младиот состав на Торус им зададе зонската одбрана која на Емил Рајковиќ и неговите момци им вроди со плод. Караџоски беше седнат на клупата а неискуството на другите играчи си го стори своето. Прв стрелец во составот на Фени беше Богоев со 16 поени а веднаш зад него со двоен учинок односно 15 поени и 11 скока беше Трајковски. Дабл дабл учинок оствари и капитенот Самарџиев кој постигна 13 поени и имаше и 10 скока. Кај Торус Опачиќ постигна 19 поени и 11 скока а Караџовски и Тасевски по 15.



Богоев ќе го памети пехарот од рацете на Врбица

На крајот капитенот на ФЕНИ Индустри Горан Самарџиев заслужено по втор пат откако е во клубот го крена



Го заработија пехарот Рајковиќ и Самарџиев

победничкиот пехар, а оној вториот за МВП (најкорисен играч на средбата) го заслужи Ефтим Богоев, а го доби од македонската кошаркарска легенда Врбоица Стефанов. И покрај трите дебитанти на завршниот турнир што се играше во Виница сепак најискусниот, екипата на „Фени Индустри" не дозволи во друга режија да заврши некогашното најмасовно клубско натпреварување во Македонија и трофејот од Кошаркарскиот куп на македонија за мажи 2010 година.

**Мики Виденовиќ**

---

**Завршниот турнир на Балканската лига предизвик за кавадаречкиот клуб**

# ВО СОФИЈА ОДИМЕ ПО НОВ ПЕХАР

**Завршниот турнир е силен, но шансите се големи**

Салата „Универзијада" во Софија од 13 до 15 април ке биде домаќин на фајнал фор турнирот од балканската лига. Ова е одлука на раководството на БИБЛ лигата кое како опции за град домаќин ги разгледуваше Софија и Варна, двата бугарски града кои имаат и свои претставници во завршницата и тоа екипите на Левски и Черно Море Првиот полуфинален натпревар на 13 април во 18 часот ке го одиграат Фени Индустри и екипата на Ловќен од Црна Гора. Според правилникот во финалето не можат да се сретнат екипи од иста држава па така во второто полуфинале истиот ден но од 20.00 часот ке се сретнат Левски и Черно Море. 14 април е



По купот пораснаа амбициите за БИБЛ титула

слободен за кошаркарите но тогаш ке се одржи генералното годишно собрание на БИБЛ лигата а финалето е закажано за 15 април во 17.30.

Најголем фаворит за освојување на титулата барем на хартија и пред објавувањето на домаќинот на завршниот турнир беше екипата на Левски. Сега како домакин на турнирот шансите за такво нешто се и зголемени но нашиот тим има добро искуство со најквалитетниот бугарски состав сезонава. Фени и Левски играа и во групата Б меѓу себе. Во Софија загубивме минимално со 88-90 меѓутоа минимално и ги добивме во Кавадарци со 88-86. Ова е втор фајнал фор турнир за Фени Индустри откако во ланското полуфинале загубивме од Работнички.

Можно е од следната сезона БИБЛ лигата да добие и хрватски претставник. Според засега неофицијални извори за балканското натпреварување сериозно бил заинтересиран тимот на Свјетлост. Челниците на хрватскиот прволигаш овие денови интензивно се распрашувале за условите кои треба да се исполнат за да бидат дел од БИБЛ лигата. Тимот од Славонски Брод не е единствениот кој сака да биде дел од ова натпреварување. Пред неполн месец спортскиот директор, Шај Штрикс, и претседателот Асен Христов имаа средба со претседателот на израелската федерација, Шимон Перес. Тогаш не беше исклучена можноста токму на Хапоел Холон да им се даде шанса наредната сезона да биде дел од БИБЛ лигата, нивната одлична организација на клубот,како и сличноста со балканските тимови.

Сепак мора да се напомене дека најточните информации околу тоа кои и колку екипи ќе учествуваат во сезоната 2010/2011 ќе се објават непосредно пред стартот на новата сезона.

И досега имаше најави за проширување со екипи од други земји и зголемување на бројот на учесниците па сето тоа паѓаше во вода.

**АФОПЕРИЗМИ**

Кутрето му го отруле на Трајко зашто се измочало на дипломата на Мара...

Петар Наневски

**Две добри причини**

Едно сосема обично утро мајката го буди синот:

- Ајде станувај, Перо, ќе задоцниш за на училиште!
- Е, не ми се станува ма мамо...
- Мора да станеш.
- Можам да ти кажам две добри причини, за да не одам на училиште. Прво, учителите ме мразат, и второ, децата ме мразат. Ако ти ми кажеш две добри причини за да одам на училиште, веднаш ќе станам.

Прво, ти имаш 56 години и второ, ти си директор.

**Илија Пемов**

Kav'dare~ki VESNIK
Општинско јавно гласило
Издавач: Локална самоуправа Кавадарци
Уредник: Димитар Мурџев
Печати: Печатница „Даскал Камче" Кавадарци
Бесплатен примерок